## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р МИМОЗА СЕРАФИМОВА, ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ, ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ЖЕЖОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-117/3 од 147. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на ден 14.3.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Никола Димитров, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип;
– доц. д-р Мичо Апостолов, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“** од **доц. д-р Мимоза Серафимова, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Златко Јаковлев, проф. д-р Цане Котески, доц. д-р Александра Жежова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Монографијата **„СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“** ќе се користи како помошно наставно средство по предметите Претприемништво, Промотивни активности, Основи на туризмот, *Туристичка картографија и Култура на изразување и комуникација. Предложениот ракопис е во согласност со наставните програми* предвидени за нааведените предмети на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Штип, за студиските насоки: Туризам, Бизнис администрација и Бизнис логистика. Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа наставната програма по наведените предмети.

Ракописот е во А4 формат, обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Монографијата **„СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“** претставува прво издание од ваков тип на авторите доц. д-р Мимоза Серафимова, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Златко Јаковлев, проф. д-р Цане Котески и доц. д-р Александра Жежова.

Монографија од оваа област со сличен или ист наслов не постои. Овој ракопис претставува новитет во научната област и како таков ги задоволува барањата на наставната материја.

**Краток опис на содржината**

Трудот е систематски и логички подреден, напишан со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во пет глави кои меѓу себе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на претприемништвото и туризмот во Република Македонија.

Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава. На крајот од ракописот соодветно се нотирани библиографските единици кои се цитирани во текстот, а се однесуваат на монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници.

Оттука, трудот се состои од пет глави кои ги покриваат најзначајните теми кои авторите сметаат дека се од особено значење од оваа област за Република Македонија.

Првиот дел, насловен како ***ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ*** од авторката доц. д-р Мимоза Серафимова ги содржи елементарните поими кои се однесуваат на запознавање со општи карактеристики на малите и средните претпријатија, развојот на претприемништвото и женското претприемништво во Македонија поддржано со значителен број статистички показатели.

Вториот дел ***ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ: АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО МАКЕДОНИЈА*** од авторката проф. д-р Билјана Петревска го разгледува туризмот како важен фактор за регионален развој, истакнувајќи ги позитивните економски влијанија кои ги предизвикува на локално, регионално и национално ниво, од аспект на креирање нови работни места и намалување на невработеноста.

Третиот дел ***СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ ВО ТУРИЗМОТ***, од авторот проф. д-р Златко Јаковлев го претставува туризмот како една од најзначајните активности за економскиот раст и развој на Република Македонија, а неговото менаџирање како аспект од круцијална важност за сите кои на непосреден или посреден начин се инволвирани во туризмот.

Четвртиот дел ***ДЕТЕРМИНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ НАСТАНИ ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** од авторот проф. д-р Цане Котески ги обработува природно географските карактеристики на Источниот плански регион, местоположба, релјеф, клима, природни ресурси, вегетација, фауна-шуми, минерални ресурси, природно и културно-историско наследство и заштита на животната средина.

Петтиот дел насловен како ***КОМУНИКАЦИСКИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ ТУРИЗАМ*** од авторката доц. д-р Александра Жежова го *појаснува з*начајноста на работењето на субјектите од туристичкиот сектор, но и на туристите, низ ситуацијата во која потенцијалните туристи ги примаат информациите за туристичките понуди, но и процесот на одлучување, кој доведува до прифаќање или одбивање на новите туристички понуди или идеи.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користат студентите и сите кои работат на проблематика која е блиска со претприемништвото, односно со туризмот и нивните развојни аспекти во изработка на своите проектни и дипломски трудови. Монографијата претставува, според содржината и начинот на разработката, приказ на оригинално разработени теоретски аспекти и примери за начини за реализирање ефективен претприемнички процес и понудени аспекти во однос на природно географските карактеристики, вработеноста, комуникацијата и предизвиците на новото време согледани низ призмата на туризмот во Република Македонија. Воедно, покрај големиот број компаративни пристапи на третираните проблематики, направени терминолошки и просторно, овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност и нудење на решенија за прашања со кои се сретнуваат идните менаџери кои своите стручни компетенции ги усовршуваат токму на студиските насоки на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Научната и практичната цел на авторите на овој труд е постојната проблематика на систематичен начин да ја приближи до студентите, што е и главна цел на ова наставно средство. Посебна вредност на оваа теоретска и практична разработка како потреба на

секој успешен менаџер, е методичноста, доследноста и систематичноста на авторите во разгледување на различните аспекти на успешниот менаџмент.

Трудот на авторите **доц. д-р Мимоза Серафимова, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Златко Јаковлев, проф. д-р Цане Котески, доц. д-р Александра Жежова** има исклучителна вредност затоа што ќе им овозможи на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика да ги совладаат основните тематски целини кои се однесуваат на современиот приод кон современото претприемништво и туризмот, кои во услови на општествени промени треба и мора брзо да се менуваат и приспособуваат, со што ќе стекнат и основни сознанија за овие мошне значајни и исклучителни области во развојот на Република Македонија. Текстот на монографијата е стручно и стилски изедначен и едноставен за читање. Со прецизно и логичко изразување, со изразен методолошки пристап, авторите опфатиле и прикажале голем број прашања кои се релевантни за оваа широка и силно издиференцирана област на истражување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р. Никола Димитров**
**Доц. д-р. Мичо Апостолов**
**Доц. д-р Мимоза Серафимова**
**Проф. д-р Билјана Петревска**
**Проф. д-р Златко Јаковлев**
**Проф. д-р Цане Котески**
**Доц. д-р Александра Жежова**